МАКЕДОНСКИ МЕДИЦИНСКИ ПРЕГЛЕД
СПИСАНИЕ НА МАКЕДОНСКОТО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО

МАКЕДОНСКО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО
МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА АЛЕРГОЛОГИЈА И КЛИНИЧКА ИМУНОЛОГИЈА

# ПРВ СИМПОЗИУМ „НОВИНИ ВО АЛЕРГОЛОГИЈАТА И ИМУНОЛОГИЈАТА 2015“

# ЗБОРНИК НА АПСТРАКТИ

MACEDONIAN SOCIETY OF ALLERGY AND CLINICAL IMMUNOLOGY
MSACI



ISSN 0025-1097
9 770025 109002

18-20 септември 2015 година, Струга

**ТРЕТМАН НА ПАЦИЕНТИ СО БРОНХИЕКТАЗИИ ВО АМБУЛАНТСКА ПРАКСА**......59
**Целили К.**, Азири С., Целили А.

**ФУНКЦИОНАЛНИ БЕЛОДРОБНИ ПРОМЕНИ И ПОЈАВА НА РЕСПИРАТОРНИ СИМПТОМИ КАЈ РАБОТНИЦИ ИЗЛОЖЕНИ НА ИСПАРУВАЊА ОД АСФАЛТ**......61
**Панајотовиќ-Радевска М.**, Штерјовска Алексовска А., Тодоровска Јовановиќ Д.

**ВЕНТИЛАЦИСКА ФУНКЦИЈА И ИМУНОЛОШКИ СТАТУС КАЈ РАБОТНИЦИ ВО ПЕКАРСКА ИНДУСТРИЈА**......63
**Јорданова Р.**, Јорданова О., Ѓорева А.

**ЕПИКУТАНИ РАТСН СТАНДАТРДНИ АЛЕРГО ТЕСТОВИ НЕПРОФЕСИОНАЛНА ЕКСПОЗИЦИЈА НА НИКЕЛ**......65
**Зафировски М.**, Зафировски Љ., Георгиев З., Спасовски М., Дачевска Г., Ковилоска Р., Матевска Л.

**ЕВАЛУАЦИЈА НА ТЕРАПЕВТСКА ЕФИКАСНОСТ И БЕЗБЕДНОСТ НА ЦЕФПОДОКСИМОТ ВО ЛЕКУВАЊЕ НА ДОЛНО РЕСПИРАТОРНИ ИНФЕКЦИИ КАЈ ХОСПИТАЛНИ ПАЦИЕНТИ**......69
**Попоска Б.**, Младеновски М., Азири С., Докиќ Д.

**ЕВАЛУАЦИЈА НА ТЕРАПЕВТСКАТА ЕФИКАСНОСТ И БЕЗБЕДНОСТ НА ЦЕФПОДОКСИМОТ ВО ЛЕКУВАЊЕТО НА РЕСПИРАТОРНИ ИНФЕКЦИИ КАЈ АМБУЛАНТСКИ ПАЦИЕНТИ**......71
**Младеновски М.**, Азири С., Попоска Б., Докиќ Д.

# ФУНКЦИОНАЛНИ БЕЛОДРОБНИ ПРОМЕНИ И ПОЈАВА НА РЕСПИРАТОРНИ СИМПТОМИ КАЈ РАБОТНИЦИ ИЗЛОЖЕНИ НА ИСПАРУВАЊА ОД АСФАЛТ

**Панајотовиќ-Радевска М.**[1], Штерјовска-Алексовска А.[1], Тодоровска-Јовановиќ Д.[2]

[1]*ЈЗУ ЗД "Железничар" Скопје*

[2]*ЈЗУ ЗД "Куманово" Куманово*

**Вовед:** Во последните неколку години забележано е зголемување на преваленцата на респираторни симптоми и зголемен морталитет од белодробни заболувања кај работници изложени на асфалтни испарувања.

**Цел на студијата:** Да се докаже поврзаноста меѓу професионалната експозиција на асфалтни пареи подолго од 5 години и промени на функционалните белодробни параметри и појава на респираторни симптоми.

**Материјал и метод:** Ова истражување е епидемиолошка студија на пресек. Испитуваната група се состои од 45 мажи вработени во градежна фирма за изградба на улици и патишта кои секојдневно се експонирани на асфалтни пареи подолго од 5 години. Контролната група се состои од 54 мажи вработени во истата фирма кои учествуваат во градежните работи со работен стаж подолг од 5 години, но не се експонирани на асфалтни пареи. Студијата е направена со анализа на резултати од извршени превентивни медицински прегледи според "Правилникот за видот, начинот и обемот на здравствени прегледи". Анализирани се податоците од анамнеза и работна анамнеза, а од клиничките испитувања се анализирани резултатите од аускултаторен наод, нативни спирометрии и РТГ на бели дробови.

**Резултати:** Од анализата на резултатите од анамнезата и работната анамнеза сигнификантна разлика меѓу двете групи ($p<0.05$) се утврди за анамнестичкиот податок за постоење на кашлица каде се гледа дека бројот на експонирани работници (53,3%) на асфалтни пареи е сигнификантно повисок од групата на неекспонирани работници (25.9%). Од анализата на резултатите од аускултаторниот наод исто така се утврди дека бројот на работници во експонираната група (44.4%) е сигнификантно повисок ($p<0.05$) со позитивен аускултаторен наод од бројот на работници во неекспонираната група (22%). Од резултатите на нативните спирометрии се утврди дека бројот на работници (44%) со спирометриски наод на комбиниран претежно опструктивен тип на вентилаторна инсуфициенција од експонираната група е сигнификантно повисок ($p<0.05$) од бројот на неекспонирани работници (20.3%). Ризикот за појава на респираторни промени кај експонираните работници е за 3 пати повисок од

неекспонираните работници (OR=3.26 95%CI 1.34-7.93) со покачени вредности на релативниот ризик RR=2.18.

**Заклучок:** Сигнификантното намалување на вредностите на функционалните белодробни параметри и сигнификантното зголемување на респираторните симптоми кај работниците експонирани на асфалтни испарувања се доволен доказ за поврзаноста меѓу асфалтните испарувања и функционалните нарушувања на белите дробови. Од тука произлегува и потребата од превентивни медицински прегледи за да навреме се детектираат одредени состојби кои произлегуваат од работното место и средина.

**Клучни зборови:** асфалтни испарувања, белодробни заболувања, превентивни прегледи

**С**

Сајковски А. **35**
Софијанова А. **9**
Спасовски М. 65
Стојковиќ Ј. **28**

**Т**

Тодоровска-Јовановиќ Д. 61
Трајков Д. 53

**Ц**

Цвејовска-Чолаковска В. **20**

**Џ**

Џелили А. 59
Џелили К. **59**

**Ш**

Шаревска З. 18
Ширгоска Б. 33, **51**, 56
Штерјовска-Алексовска А. 61